анализа #
политики

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 29-10-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlera: |
| 39 | 10354 | 2 | |

До:

Здружение Конект - Скопје
Владимир Полежиновски бр. 19/1-6, Скопје
Генерален Секретаријат на ВРСМ
бул Илинден бр 2

За: Никица Кусиникова, Извршна директорка
Одделение за соработка со НО при ГС

Генерална дирекција Скопје
Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци

Број: 18-6933/2
Датум: 27-10-2021

Врска: Допис од Генерален Секретаријат на ВРСМ бр. 39-10354/1 од 06.10.2021
Предмет: Произнесување по предлог измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за Произнесување по предлог измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), Управата за јавни приходи Ве известува за следното:

1. Во делот на Точката А) Измени во процедурата за ослободување на ДДВ при промет согласно ЗДСЈД, Ве информираме за следното:

Процедурата за спроведување на даночните поттикнувања предвидени во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), е пропишана во

- Правилникот за начинот на спроведување на даночното поттикнување при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот, при промет на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата како и потребната документација (Службен весник на РМ, бр.78/14) и
- Правилникот за начинот на спроведување на даночното поттикнување кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги како и потребната документација (Службен весник на РМ, бр.78/14).

Враќањето на данок на додадена вредност платен при при промет согласно ЗДСЈД го спроведува Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Управата за јавни приходи ќе ги има во предвид Вашите предлог измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), и за истото ќе го информира Министерството за финансии.

2. Во делот на Точката Б) Промена во Годишната даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход (ПДД-ГДП), Ве известуваме за следното:

Со донесувањето на Законот за данокот на личен доход (објавен во "Службен весник на РМ241/2018), а со примена од 1 јануари 2019 година, се донесоа и нови подзаконси акти меѓу кои и:

1. Правилникот за формата и содржината на Пополнетата Годишна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход, начинот на доставување на Пополнетата Годишна даночна пријава од страна на Органот за јавни приходи (објавен во "Службен весник на РМ" број 243/2018) кој престана да важи со донесувањето на:



Твој данок, твоја иднина!

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр.1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

2. Правилникот за формата и содржината на Годишната даночна пријава за утврдување данок на личен доход, начинот на доставување на годишната даночна пријава од страна на органот за јавни приходи и начинот на потврдување од страна на обврзникот (објавен во "Службен весник на РСМ", број 101/2020, како и
3. Правилникот за формата, содржината и начинот на доставување и одобрување на извештајот за донирани финансиски средства (објавен во "Службен весник на РСМ", број 5/21).

Според член 75 став 2 од Законот за данокот на личен доход е дефинирано дека за остварување на даночното поттикнување физичкото лице - давател на донацијата до органот за јавни приходи најпрвин до Управта за јавни приходи доставува Извештај за донирани финансиски средства (образец "ДЛД-ИД/ФЛ") по електронски пат преку e-pdd.ujp.gov.mk најдоцна до 31 јануари наредната година.
Во член 96 од Законот за данокот на личен доход е дефинирано дека Управата за јавни приходи изготвува годишна даночна пријава за обврзникот, која ги содржи податоците за остварениот доход и платените аконтации на данокот во текот на годината за која се утврдува данокот.
Годишната даночна пријава, од ставот (1) на овој член, органот за јавни приходи ја доставува до обврзникот најдоцна до 30-ти април наредната година.
Обврзникот на данокот на доход е должен да ја потврди точноста на податоците од доставената пополнета годишна даночна пријава или да ја коригира пријавата најдоцна до 31-ви мај.
Доколку обврзникот не ја потврди или коригира доставената пополнета годишна даночна пријава во предвидениот рокот, доставената пополнета годишна даночна пријава се смета за потврдена.
Со донесувањето на наведениите подзаконски акти, структурата на сегашниот образец на Годишната даночна пријава за утврдување на данокот на личен доход (образец"ДЛД-ГДП") е во рамките на законското решение.
Даночното ослободување по основ на донации е содржано во Поглавјето "УТВРДЕН ГОДИШЕН ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД", поточно истото се искажува на реден број 6 од Поглавјето "Даночно ослободување по основ на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг но не повеќе од 24.000 денари.
Согласно содржината на Годишната даночна пријава која е во примена даночното поттикнување се остварува согласно претходното изнесеното преку намалување на годишниот даночен долг, а не преку наводно намалување на даночната основа како што е посочено во обраќањето од Ваша страна.

Со почит,

Раководител на сектор
Мухедин Авдиќ



Твој данок, твоја иднина!